Индекс на перцепција на корупцијата: Корупцијата во светот во 2013 година

Берлин, 3 декември 2013 –Индексот на Перцепција на Корупцијата (ИПК) за 2013 на Транспаренси Интернешнал нуди предупредување дека злоупотребата на власта, тајните зделки и поткупот продолжуваат да ги уништуваат општествата ширум светот.

Во повеќе од две третини од 177 земји според резултатите на Индекс во 2013 се под 50, на скала од 0 до 100 (0 - многу корумпиран 100 - многу чист).

"Индексот на перцепција на корупцијата за 2013 покажува дека сите земји се уште се соочуваат со закана од корупција на сите нивоа на власта, од издавањето на локални дозволи до спроведување на закони и прописи ", рече Хугуете Лабел, претседател на Транспаренси Интернешнал.

Индекс на перцепција на корупцијата 2013: Резултати

Во Индексот на перцепција на корупцијата за 2013, Данска и Нов Зеланд се наоѓаат на првото место со резултати од 91. Додека, Авганистан, Северна Кореја и Сомалија оваа година се соочуваат со најлошите резултати, постигнувајќи по само 8 поени.

“Водечките јасно откриваат како транспарентноста поддржува отчетност и може да ја спречи корупцијата", рече Лабел. "Но сепак, и најдобрите се соочуваат со проблеми како државна контрола, финансирање на кампањата и надзор на големи јавни договори кои остануваат главни корупциски ризици.”

Индексот на перцепција на корупцијата се базира врз основа на експертските мислења за корупцијата во јавниот сектор. Резултатите на земјите може да бидат потпомогнати со силен пристап до информации во системот и правила со кои се регулира однесувањето на оние кои се на јавни позиции, додека недостатокот на отчетност во рамките на јавниот сектор во комбинација со неефикасни јавни институции ги повредува овие перцепции.

Корупцијата во јавниот сектор се заканува да ја поткопа глобалната иницијатива

Корупцијата во јавниот сектор и понатаму останува еден од најголемите предизвици во светот, укажува Трансперенси Интернешнал, особено во областите како што се политичките партии, полицијата и судскиот системи. Јавните институции треба да бидат поотворени за нивната работа и службениците мора да бидат потранспарентни во донесувањето на нивните одлуки. Корупцијата и понатаму останува исклучително тешко да се испита и да се гони.

Идните напори за да се одговари на климатските промени, економската криза и екстремната сиромаштија ќе се соочат со голема пречка во форма на корупција, предупреди Транспаренси Интернешнал. Меѓународни тела како Г-20 мора да се борат против перењето пари, да

делуваат за поголема транспарентност на корпорациите и да се извршува враќање на украдените имоти.

“Време е да се запрат оние кои се извлекле со акт на корупција. Дупките во законите и недостатокот на политичка волја на владините ги олеснинува двете домашната и прекуграничната корупција, и повикува на наши понатамошни интензивирани напори за борба против неказнување на корумпираните,’’ рече Лабел.

За дневно глобално информирање во борбата против корупцијата може да не следите на Твитер на http://www.twitter.com/anticorruption или на Facebook во http://www.facebook.com/transparencyinternational

За подетални информации за Индексот на перцепција на корупцијата за 2013 на Твитер можете да не следете на #stopthecorrupt

###

Transparency International е глобална граѓанска организација за борбата против корупцијата

Media Contact
Chris Sanders
Tel: +49 30 34 38 20 666
press@transparency.org